# ПРЕГЛЕД И АНАЛИЗА НА РЕФОРМСКАТА АГЕНДА 2024–2027 СО ОСВРТ НА БЕРЛИНСКИОТ ПРОЦЕС

Септември 2025 година
Институт за демократија „Социетас Цивилис “– Скопје (IDSCS)

Автори: Кире Миловски, Анамарија Велиновска

OPEN SOCIETY FOUNDATIONS
WESTERN BALKANS

IDSCS | Institute for Democracy Societas Civilis -Skopje

Овој документ е изработен од страна на Институт за демократија „Социетас Цивилис”, во рамките на проектот „Зајакнување на учеството на граѓаните и бизнисите во Берлинскиот процес и Реформската агенда на Северна Македонија“, финансиран од Фондација Отворено општество – Западен Балкан. Изнесените ставови и мислења се само на авторот(ите) и не ги одразуваат нужно ставовите на Фондацијата Отворено општество – Западен Балкан.

# СОДРЖИНА

1. План за раст, Реформска агенда и Берлински процес .......... 3
2. Човечки капитал .......... 4
3. Деловно управување и опкружување .......... 8
4. Дигитализација .......... 12
5. Декарбонизација / Енергетска транзиција .......... 15
6. Конкретни придобивки за граѓаните и бизнисите од Реформската агенда .......... 19
7. Конкретни придобивки за граѓаните и бизнисите од Берлинскиот процес .......... 20
8. План за комуникација и видливост .......... 21
9. Заклучок .......... 23
Библиографија .......... 24

# 1. ПЛАН ЗА РАСТ, РЕФОРМСКА АГЕНДА И БЕРЛИНСКИ ПРОЦЕС

Планот за раст на Европската Унија за Западен Балкан претставува нов финансиски и политички инструмент за унапредување на економската интеграција на земјите од регионот во рамките на ЕУ. Во замена за спроведување на суштински реформи, државите ќе добијат пристап до финансиска поддршка од ЕУ и можности за побрза интеграција на Единствениот пазар.

Берлинскиот процес е иницијатива започната во 2014 година од страна на Германија, со цел да се поттикне регионалната соработка и европската интеграција на земјите од Западен Балкан. Процесот ги вклучува државите од регионот и земјите-членки на ЕУ кои покажуваат интерес за поддршка на овој процес.

Главни цели на Берлинскиот процес се: поддршка на ЕУ-интеграциите на земјите од Западен Балкан, регионална соработка, посебно во економијата, транспортот, инфраструктурата и младинските политики, поврзување на регионот со ЕУ преку конкретни проекти и инвестиции и јакнење на добрососедските односи, решавање на билатерални прашања како и мир и стабилност на Балканот.

Република Северна Македонија ја изработи својата Реформска агенда за периодот 2024–2027, како клучен документ за искористување на средствата од Планот за раст. Документот содржи конкретни активности што Владата планира да ги спроведе со цел подобрување на економското управување, унапредување на јавните услуги и усогласување со европскитестандарди. Секоја од предложените мерки е во насока на исполнување на обврските од реформската агенда, Планот за економски реформи, Препораките на Европската комисија, како и домашните развојни документи. Главната координативна институција за изработка и следење на спроведувањето на Реформската агенда е Министерството за европски прашања (МЕП). Реформите се организирани околу пет тематски области, но во овој преглед фокусот ќе биде ставен на четири клучни приоритети:

- Човечки капитал;
- Деловно управување и деловно опкружување;
- Дигитализација и
- Декарбонизација (енергетска транзиција).

## 2. ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ

Република Северна Македонија се соочува со голем јаз меѓу образованието и потребите на пазарот на труд. Само 20–30% од наставата е практична (наспроти над 60% во ЕУ). Недостигаат кариерни советници, систем за признавање на неформалното учење, а младите тешко се интегрираат на пазарот што придонесува кон нивно иселување. Вака поставениот образовен систем не е во чекор со потребите на пазарот на труд и стопанството во целина. Во овој сегмент, државата се уште се соочува и со недостаток на практична подготовка, кариерно советување и дуално образование кое ќе се базира на потребите на реалниот сектор. Во овој момент постои вклученост на само 560 компании во дуалното образование. Македонскиот образовен процес се соочува и со недоволни дигитални и зелени компетенции и вештини на наставниот кадар, а токму овие процеси ќе бидат клучни во натамошниот реформски процес. И секако клучен сегмент за успешна имплементација на овој реформски процес ќе биде соодветната мобилизација на финансиски ресурси како од средствата предвидени со Планот за раст на Западен Балкан така и од соодветното планирање и инвестирање од домашните буџетски средства и останати фондови.

Како главни чекори во оваа област предвидени во Реформската Агенда за РСМ за 2024–2027 година се:

- Донесување Закон за средно образование и Закон за стручно образование и обука со фокус на кариерно советување во 2025 година.
- Воспоставување кариерни тимови во 95% од средните училишта до 2026 година.
- Зголемување на компаниите вклучени во дуалното образование на 700 до крајот на 2026 година.
- Формирање 7 регионални центри за стручно образование, опремени со технологија и кадар.
- Признавање на неформално учење преку нов национален систем.
- Наставни програми со STEM, ИКТ и зелени модули (еколошки техничари, соларни инсталатори).
- Нов модел на финансирање на основното образование базиран на резултати.
- Паметни училници во 160 училишта со дигитални табли и интернет.

Како очекуван резултат до 2027 година е предвидено образование што е пазарно релевантно а кое вклучува практична настава и дигитални алатки што ќе придонат кон намалување на младинската невработеност и иселувањето.

Од друга страна пак, Берлинскиот процес го гледа човечкиот капитал низ перспектива на социјална инклузија, родова рамноправност, усогласување на стандардите и регионалното учество. Една од клучните цели на Берлински процес е е создавање на заеднички регионален пазар (CRM – Common Regional Market) како интегриран економски простор според стандардите на ЕУ, каде се овозможува слободен проток на стоки, услуги, капитал и луѓе. На овој начин ќе се зголеми конкурентноста, привлекувањето инвестиции и приближување кон Единствениот пазар на ЕУ преку регионалната соработка. Преку оваа иницијатива, владите се согласија на движење само со лични карти (без пасоши), што значително ги олеснува патувањата и мобилноста во регионот.

Во делот на образование и вештини, Берлинскиот процес става помал акцент, но обезбедува поддршка преку социјалните политики и пазарот на труд. Така, преку процесот, високото образование и професионалните квалификации се взаемно признаени во повеќе сегменти – прво на државните, а потоа и на приватните универзитети. Ова овозможува полесен пристап до пазарот на трудот во другите земји на Западен Балкан опфатени со овој процес. Во делот на професионалната мобилност, се препознаваат одредени професии (на пример, лекари, стоматолози, архитекти), што го олеснува преминот и праксата во другите земји од регионот. Берлинскиот процес овозможува поддршка на регионален иновациски екосистем преку трансфер на знаење од академијата до индустријата и развој на дигитални индустриски политики.

Во делот на инклузија, Реформската агенда предвидува кариерно советување и признавање на неформалното образование, додека пак фокусот на Берлинскиот процес во овој сегмент е на родовата и етничката инклузија (на жените и на Ромите). И во делот на финансии и имплементација, Реформската агенда претставува конкретна инструментална поддршка поврзана со реформи додека пак Берлинскиот процес има општ, политички и социјален фокус без директно предвидени финансиски средства.

Главните предизвици во делот на Човечкиот капитал во Република Северна Македонија, од аспект на Реформската агенда и Берлинскиот процес се:

- **Образование:** Недостаток на функционална писменост, недоволна усогласеност со пазарот на труд, недостаток на практична настава, ниски инвестиции и застарена инфраструктура во училиштата и недоволно ИКТ знаење и дигитални вештини.
- **Здравство:** Емиграција на здравствен кадар (особено млади лекари и медицински сестри), нееднаков пристап до здравствени услуги, особено во руралните и

сиромашните заедници и недоволна дигитализација и ефикасност на здравствениот систем.

- **Миграција и одлив на мозоци (Brainstorming):** Интензивна емиграција, особено на млади и високообразовани луѓе и ниска мотивираност за останување во земјата, поради ниски плати, лоши услови и слаб систем на вреднување на трудот.

- **Неформално образование и вештини:** Недостаток на програми за обука на возрасни и доживотно учење и слаба вклученост на приватниот сектор во развој на програми за обука и преквалификација.

- **Слабости во јавната администрација:** Политичко влијание, вработувања без компетенции односно недостаток на мерит систем и недоволна ефикасност и дигитална трансформација.

Во таа насока, како препораки потребно е:

- **Унапредување на образованието преку:**

- Реформирање на наставните програми за да се развиваат критичко размислување, дигитални и зелени вештини.

- Зголемување на буџетските инвестиции во образование – особено во инфраструктура, наставници и дигитализација.

- Развој на дуален систем на стручно образование (VET), во партнерство со приватниот сектор.

- Континуирана обука и развој на наставниот кадар.

- **Модернизација на здравствениот систем преку:**

- Подобрување на условите за работа и плати во здравството за задржување на кадарот.

- Дигитализација на здравствениот систем (електронски картони, телемедицина).

- Програми за превенција, особено за хронични болести и ментално здравје.

- **Стратегија за задржување на таленти преку:**

- Финансиски и кариерен стимул за младите да останат.

- Развој на start-up екосистеми, поддршка за иновации и претприемништво.
- Реемиграциони програми – повратници со знаење да добијат поддршка за отворање бизниси или работа во јавен сектор.

- **Јакнење на системот за доживотно учење преку:**

- Флексибилни обуки, преквалификација и неформално образование, достапни и дигитално.
- Интеграција на програмите со потребите на индустријата (зелена економија, ИТ, туризам, енергетика).

- **Дигитализација на јавната администрација преку:**

- Електронски сервиси, отворени податоци и ефикасни процеси.
- Антипартизација и професионализација на јавната служба.
- Поддршка преку IPA фондови и инструментите на Планот за раст.

# 3. ДЕЛОВНО УПРАВУВАЊЕ И ОПКРУЖУВАЊЕ

Деловното опкружување сè уште е обременето со бирократски процедури, слаба транспарентност и непредвидлива регулатива. Компаниите се соочуваат со предизвици воодност на пристапот до финансии, бавни административни постапки и неефикасна јавна администрација. Потребно е подобрување на ефективноста, транспарентноста и отчетноста во јавниот сектор и управувањето со јавните финансии. Реформите треба да бидат насочени кон зголемување на ефикасноста на институциите, намалување на административниот товар, поддршка на претприемништвото и подобрување на условите за странски и домашни инвестиции, формализација на неформален сектор, иновациски еко систем, модернизирана аграрна трговија и зелена трансформација.

Како клучни мерки се предвидени:

- Едношалтерски систем за регистрација на бизниси и дигитални услуги.
- Воспоставување Платформа за јавни набавки според ЕУ стандарди со зголеменатранспарентност и конкурентност.
- Подобрување на индустриската политика и иновациска инфраструктура, со поддршка на технолошки паркови и бизнис инкубатори.
- Поддршка за МСП преку финансиски инструменти, субвенции, гаранциски шеми и обуки за дигитални и зелени вештини.
- Нови регулативи за државна помош, заштита на конкуренција и подобрување на системот за инспекциски надзор.

Како очекувани резултати се наведени: поголема вработеност, зголемен број на стартапи, зголемена продуктивност, правна сигурност и подобрена бизнис клима. Дополнително, Програмата за економски реформи конкретизира цели како намалување на неформалната работа до 9 % до 2026 година, дигитализација на 550 е-услуги до 2025 година и целосна дигитализација на даночните услуги до 2026 година.

Во контекст на деловното управување и деловното опкружување и Берлинскиот процес игра клучна улога во поттикнување на подобра деловна клима и управување во регионот. Преку реформи, поврзување и зајакнување на институциите, процесот помага во создавање на поповолна и постабилна деловна клима што ќе го приближи регионот до стандардите на ЕУ.

Деловното управување се однесува на начинот на кој се управува со бизнисите и институциите кои го поддржуваат приватниот сектор, вклучувајќи транспарентност, отчетност, ефикасност и владеење на правото. Како клучни аспекти се наведуваат:

- Јакнење на институциите – поттикнување на транспарентни и ефикасни институции кои ги поддржуваат бизнисите (даночни органи, агенции за вработување, царина и сл.).

- Антикорупциски мерки – поддршка за борба против корупцијата како клучен предуслов за фер деловно опкружување.

- Врска меѓу јавниот и приватниот сектор - поттикнување на соработка и дијалог меѓу владите и бизнис заедницата преку платформи како што се "Western Balkans Six Chamber Investment Forum (WB6 CIF)".

Деловното опкружување ги опфаќа сите економски, институционални, законски и политички фактори што влијаат врз можностите за водење бизнис. Како иницијативи предвидени со Берлинскиот процес се наведени:

- Регионална економска област (REA) која има за цел за создавање интегриран регионален пазар на Западен Балкан преку хармонизација на регулативите, трговска либерализација и слободно движење на стоки, луѓе, услуги и капитал.

- Подобрување на инвестиционата клима преку поддршка за политики кои ја зголемуваат предвидливоста и стабилноста за странски и домашни инвеститори.

- Инфраструктурна поврзаност преку инвестиции во транспортната, енергетската и дигиталната инфраструктура што директно влијае на продуктивноста и ефикасноста на деловните процеси.

- Зелена и дигитална транзиција преку поттикнување на компаниите да се прилагодат на европските зелени и дигитални стандарди (т.н. twin transition).

Главните предизвици за подобро деловно управување и опкружување во Република Северна Македонија, од аспект на Реформската агенда и Берлинскиот процес се:

- **Слаба административна ефикасност** и слабости во владеењето на правото.

- **Недоволна дигитализација** и недостаток на дигитални вештини.

- **Нејасна политика за државни претпријатија, низок квалитет на инфраструктура.**

- **Ниски инвестиции** во образование, здравје и животна средина.

- **Корупција и бавна имплементација на реформите во судството.**

- **Недостаток на јасна комуникација** и влијание на бизнис секторот во рамки на Планот за раст и Регионалниот пазар.

- **Ризик од неисполнување на критериумите за пристап до финансиски средства од реформските механизми**, ако реформите не го постигнат очекуваното темпо.

Во делот на препораките:

- **Фокусот да биде насочен на имплементација** а не само на носење на законски и подзаконски акти и стратегии. Потребно е редовно следење и евалуација на индикаторите од Реформската агенда кое ќе биде транспарентно и јавно достапно. Исто така да бидат поставени **индикатори за деловно управување**, како што се време за регистрација на фирма, број на дигитализирани услуги и транспарентност на тендерски процеси.

- **Поттикнување на дигиталната трансформација** преку спроведување на корпоративно управување согласно ОЕЦД стандардите, развој на независни и професионални надзорни одбори и објавување на годишни извештаи за перформанси и транспарентни критериуми за избор на директори.

- **Поедноставување на регулативата и намалување на бирократијата** преку елиминирање на застарени и контрадикторни процедури, воведување на "silent consent" принцип (ако институција не одговори во рок – се смета за одобрено) како и соодветна ревизија на законската рамка за корпоративно управување во согласност со ЕУ директивите.

- **Јакнење на интерното корпоративно управување** преку усвојување на кодекси за корпоративно управување и етички кодекси (дури и кај МСЕ), соодветни обуки на управни и надзорни одбори за улогите и одговорностите според добри практики и спроведување на ESG (еколошки, социјални, управувачки) стандарди за пристап до зелено финансирање.

- **Регионална вмреженост и заеднички пазари** преку искористување на Берлинскиот процес и *"Open Balkan"* иницијативи за излез на регионалните пазари и здружување на компании (кластери, синџири на вредности) за поголема конкурентност и заеднички настап.

- **Инвестирање во човечки капитал** преку воведување на програми за обука, лидерство и наследување во менаџментот, партнерства со универзитети за развој на кадар по мерка на бизнисот и поттикнување на жени и млади во управувачките структури.

- ❖ **Техничка поддршка за корпоративно управување** преку Twinning проекти или IPA фондови да се поддржат:

- ➢ Обуки за корпоративно управување;
- ➢ Ревизија на управувачките капацитети во јавниот сектор;
- ➢ Поддршка за МСЕ во ESG и дигитални алатки.

- ❖ **Институционализирање на транспарентноста** преку Јавна база на податоци за сите договори, трошоци и перформанси на јавни претпријатија и институции и објавување на годишни „индекси за деловна транспарентност“.

- ❖ Утврдување на **„Пакт за деловно управување“** односно вклучување на државата, бизнис заедницата и невладиниот сектор во консултативен модел кој ќе биде дел од процесите на имплементација на Планот за раст.

# 4. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА

Република Северна Македонија има ниска дигитална зрелост на јавниот сектор. Електронските услуги се ограничени, а граѓаните и деловниот сектор често се соочуваат со потреба од физичко присуство за основни административни постапки. Потребно е да се подобрат инфраструктурата, интероперабилноста на системите, како и дигиталната писменост кај граѓаните и администрацијата.

Како клучни реформи предвидени со Реформската агенда се:

- Развој на интероперабилна дигитална инфраструктура и централен портал за услуги (gov.mk).
- Воспоставување систем за е-идентификација и дигитални потписи со правна важност како и воспоставување единствен систем за управување со документи за сите институции на централно ниво.
- Обука на јавната администрација за користење на дигитални алатки.
- Воведување и проширување на е-сервиси (е-здравство, е-училиште, е-попис, е-права).
- Поддршка за дигитална трансформација на училиштата и јавните институции, вклучително и вложувања во опрема и софтвер.
- Донесување на новиот Закон за електронските комуникации, усогласување на националното законодавство за да се усогласи со правото на ЕУ и Законот за Гигабит инфраструктура, по неговото влегување во сила во ЕУ.

Како очекувани резултати се предвидени: поефикасни, транспарентни и достапни јавни услуги, намалени трошоци за граѓаните и поттикнување на дигиталната економија.

Дигитализацијата е важен дел и од Берлинскиот процес, особено во контекст на регионалната интеграција и приближувањето на земјите од Западен Балкан кон ЕУ. Таа се третира како клучна алатка за економски раст, поврзување и модернизација на јавната администрација. Дигитална агенда за Западен Балкан (Digital Agenda for the Western Balkans) официјално е лансирана во 2018 година од Европската Комисија во рамки на Берлинскиот процес и истата има за цел:

- Да ја зајакне дигиталната поврзаност меѓу земјите во регионот.
- Да воведе брз интернет, е-влада, е-трговија, дигитални вештини и едукација.

- Да даде поддршка за иновации, стартапи и поддршка за ИКТ секторот.
- Да ја подобри кибер-безбедноста.
- Да создаде регионален дигитален пазар што ќе биде компатибилен со ЕУ пазарот.

Клучни предизвици во делот за Дигитализација во Република Северна Македонија, од аспект на Реформската агенда и Берлинскиот процес се:

- Недоволна дигитална инфраструктура (посебно во руралните подрачја).
- Ниска дигитална писменост кај населението и администрацијата.
- Недоволна или лоша имплементација на донесените закони.
- Институционална неусогласеност и бирократија.
- Недоволна соработка со приватниот сектор и граѓанското општество.
- Кибер-безбедност и доверба во дигиталните услуги.

Во делот на препораките потребно е:

- **Развој на национална дигитална инфраструктура** преку зголемување на инвестициите во широкопојасен интернет, особено во рурални и маргинализирани региони и поттикнување на јавноприватни партнерства за дигитална инфраструктура.
- **Обуки и зголемување на дигиталната писменост** на јавната администрација за користење на дигитални алатки и национални кампањи за дигитална писменост за граѓаните, особено на ранливи групи.
- **Засилен мониторинг и евалуација на законските реформи** преку воспоставување независни тела за следење на спроведувањето на новите дигитални закони и поголема транспарентност преку дигитални платформи.
- **Институционална координација** и јасна поделба на одговорности помеѓу Министерството за дигитална трансформација, МИОА и другите релевантни институции и креирање на централизирана единица за имплементација на дигиталните проекти.
- **Поттикнување на иновации кај МСП**, поедноставување на процедурите за аплицирање за ЕУ фондови (преку дигитална платформа) и поттикнување на стартапи преку инкубатори, грантови и даночни олеснувања.

- **Зголемување на довербата преку кибер-безбедност** преку брза имплементација на Стратегијата за кибер-безбедност и зголемување на бројот на ИТ експерти во јавниот сектор и нивно континуирано дообучување.

- **Инклузивност и учество на јавноста** со развој и промоција на дигиталната јавна платформа за учество на граѓаните во реформскиот процес и организирање на јавни консултации, дебати и онлајн анкети.

# 5. ДЕКАРБОНИЗАЦИЈА / ЕНЕРГЕТСКА ТРАНЗИЦИЈА

Во Република Северна Македонија потребна е зелена трансформација на енергетскиот систем особено поради зависноста од фосилни горива и застарената инфраструктура. Државата има потенцијал за развој на обновливи извори на енергија, но потребни се регулаторни, инфраструктурни и технички подобрувања за да се искористи тој потенцијал. Реформската агенда ја нагласува важноста на декарбонизацијата, инвестирањето во обновливите извори на енергија (соларна и ветерна), енергетска ефикасност, трговија со емисии и намалување на зависноста од јаглен.

Како главни чекори во оваа област предвидени во Реформската Агенда за РСМ за 2024–2027 година се:

- Усвојување на Закон за обновливи извори и енергетска ефикасност со јасни цели и рокови.
- Операционализација на Фондот за енергетска ефикасност насочен кон енергетска санација на објекти, вклучувајќи домаќинства, училишта и мали бизниси.
- Поддршка за изградба на соларни, ветерни и биомасни капацитети преку јавни повици и олеснување на процедури.
- Обука и преквалификација за зелени професии, со вклучување на модули за одржливост во формалното образование.
- Модернизација на електроенергетската мрежа и зголемување на капацитетите за прекугранична размена на енергија.
- Во делот на финансии, планирани се 200 милиони евра за енергетски реформи, со значително кофинансирање од ЕУ преку Фондот за реформи и раст.

Како очекувани резултати се предвидени: намалени емисии на стакленички гасови, зголемена енергетска независност, подобрено здравје на населението и создавање на нови „зелени“работни места во економијата во транзиција.

Од аспект на Берлинскиот процес, на Берлинскиот самит, лидерите од Западен Балкан усвоија Декларација за енергетска безбедност и зелена транзиција. Тоа вклучува поддршка низ енергетската заедница, национални енергетски и климатски планови со фокус на укинување на јагленот и воведување на регионални механизми за надомест (данок) за јаглерод и учество во Емисиска трговија. На Берлинскиот процес во 2022 година, земјите од Западен Балкан се заложија за заеднички регионален пристап кон енергетската транзиција – вклучувајќи постепено укинување на јаглен, регионални механизми за

енергетска безбедност и потенцијален приклучок во систем за трговија со емисии (ETS). На Самитот во Тирана во 2023 година беше иницирано партнерство со Германија кое ќе обезбеди и до 1 милијарда евра преку KfW банка за зелена транзиција и 500 милиони евра како краткорочна поддршка.

Како предизвик за земјите од Западен Балкан вклучувајќи ја и Република Северна Македонија во наредниот период е намалување на зависноста од јаглен (лигнит). Уделот на лигнит во производството опаѓа, од 76% во 2000 година на приближно 46% во 2023 година, но сепак државата сѐ уште силно се потпира на фосилни извори, особено за базно оптоварување на системот. Централите на јаглен се сѐ поскапи поради зголемените цени на $CO_2$ емисии. Јагленот вработува околу 3000 работници во рударството и електроцентралите (Битола, Осломеј), што истовремено бара „праведна транзиција“.

Државата и понатаму се соочува со ограничени административни капацитети на национално и локално ниво за управување со големи зелени проекти. Понатаму имаме бавно одобрување на дозволи (градежни, енергетски, еколошки) и ниски технички капацитети за проценка на инвестиции во обновливи извори. Постојната енергетска мрежа не е доволно флексибилна за интеграција на голем број соларни и ветерни капацитети а постои ограничување на паметна мрежа (smart grid) и дигитализација за управување со променлива енергија. Постои недоволна информираност на населението за климатските промени, праведната транзиција и новите технологии. Државата е соочена со отпор на локално ниво кон затворање на рудници и електрани без алтернатива за вработување а не постојат ниту доволни механизми за директна вклученост на заедниците во одлучувањето и добивањето придобивки од зелените проекти.

Во делот на препораките потребно е:

- ❖ **Постепено затворање на јагленски капацитети и соодветна поддршка за работниците преку:**

- ➢ Разработка на јасна мапа за затворање (coal phase-out) до 2030 година со конкретни датуми.
- ➢ Програми за преквалификација и вработување за рударите и техничкиот персонал.
- ➢ Поттикнување на економска диверзификација во регионите зависни од јаглен (Битола, Кичево).

- ❖ **Зголемување на инвестиции во обновливи извори:**

- ➢ Поедноставување на процедурите за инвестирање во соларни и ветерни централи.

- Поддршка за домаќинства и мали бизниси да инсталираат фотонапонски системи (соларни панели).

- Стимулации за граѓански енергетски заедници (energy communities) и кооперативи.

❖ **Модернизација на електроенергетската мрежа преку инвестиции во:**

- Преносна мрежа (поврзаност со ЕУ и Западен Балкан).
- Дистрибутивна мрежа за поврзување на ветерните и фотоволтаичните централи (ВЕЦ/ФЕЦ).
- Системи за енергетско складирање (батерии) и управување со потрошувачка.

❖ **Финансиска поддршка и механизми за ко-финансирање:**

- Креирање на Зелен фонд на национално ниво за поддршка на локални и мали зелени проекти.

- Поттикнување на јавно-приватни партнерства (ЈПП) во енергетиката.

- Подобра искористеност на ЕУ фондови преку зголемени апсорпциски капацитети.

❖ **Интеграција во пазарите на ЕУ:**

- Прилагодување на националниот Системот за трговија со емисии на ЕУ (EU ETS) и Механизамот за прилагодување на емисиите на границите (CBAM).

- Вклучување во регионалните платформи за трговија со енергија.

- Подготовка за примена на внатрешниот енергетски пазар на ЕУ преку Енергетската Заедница на Југоисточна Европа (EnC) и Берлинскиот процес.

❖ **Дигитализација и иновации**

- Поддршка на стартапи и технолошки решенија во енергетика.

- Воведување на паметно мерење, далечинско управување и технологии за дигитална проверка и сигурност на податоци (Blockchain solutions) во трговијата со енергија.

❖ **Подобрување на јавната комуникација и транспарентност**

- Јасни кампањи за јавноста за климатските политики и добивките од транзицијата.

- Вклучување на граѓани, општини и невладини организации во развој на стратегии и проекти.

Декарбонизацијата мора да биде социјално праведна, технички реализирана и финансиски поддржана. Со паметно искористување на Планот за раст на ЕУ и регионалната соработка преку Берлинскиот процес, Република Северна Македонија има реална шанса да стане регионален лидер во енергетската транзиција – но само ако ги адресира горенаведените предизвици стратешки и координирано.

## 6. КОНКРЕТНИ ПРИДОБИВКИ ЗА ГРАЃАНИТЕ И БИЗНИСИТЕ ОД РЕФОРМСКАТА АГЕНДА

**Членство во SEPA** – Република Северна Македонија стана 39-та членка на Единствената област за плаќање во евра (SEPA) во март 2025-та. Ова овозможува:

- Поевтини и побрзи трансакции во евра.
- Особено е значајно за граѓаните кои примаат дознаки, како и бизнисите што плаќаат/примат пари од странство.
- Трошоците за трансакции до 20.000 € се намалуваат 12 до 15 пати.

**Приоритети на Реформската агенда:**

- Агендата поставува пет клучни приоритети: реформа на јавната администрација; енергетска и дигитална транзиција; развој на човечки капитал; подобрување на приватниот сектор и деловното опкружување; владеење на правото и борба против корупцијата.
- Прецизниот фокус и мерливите резултати гарантираат дека поддршката (6 милијарди € од ЕУ, од кои 2 милијарди € се грантови) ќе пристигнува само по реализација на реформите.

**Значење за бизнисите и граѓаните**

- Подобрени административни услуги, дигитализација, зелена економија и владеење на правото – ја зголемуваат веродостојноста и конкурентноста на државата.
- Финансиската помош доаѓа директно за спроведување реформи кои им го олеснуваат функционирањето на граѓаните и фирмите.

# 7. КОНКРЕТНИ ПРИДОБИВКИ ЗА ГРАЃАНИТЕ И БИЗНИСИТЕ ОД БЕРЛИНСКИОТ ПРОЦЕС

**Економски и регионални придобивки**

- Берлинскиот процес активно го поттикнува регионалниот економски развој и интеграција преку механизмот на Заедничкиот регионален пазар.
- Истиот овозможува конкурентност, создавање работни места и намалување на „brain drain", со тоа стимулирајќи економски раст.
- Претставува платформа која го комплементира ЕУ процесот на интеграција, активирајќи регионално-економска координација и подготвеност за правилата и регулативите на ЕУ.

**Социјални, културни и правни аспекти**

- При создавањето на Заедничкиот регионален пазар, се постигна договор за признавање професионални квалификации, што значи дека професионалци (на пример: медицински сестри, фармацевти и други) можат да работат во другите земји под исти услови.
- Сепак, и покрај напорите, јазот помеѓу договорите и реалната имплементација продолжува да постои – домашни и регионални организации се на став дека дека некои постигнати договори се многу бавно или неуспешно имплементираат.
- Граѓанскиот сектор (НВО, think-tank и синдикални организации) апелираат за вклучување на социјалните и работничките права во рамките на заедничкиот пазар со цел да се обезбеди социјална правда за граѓаните.

# 8. ПЛАН ЗА КОМУНИКАЦИЈА И ВИДЛИВОСТ

Владата на Република Северна Македонија изработи План за комуникација и видливост (ПКВ) кој се однесува на поддршката што земјата ја добива од Европската Унија преку Инструментот за реформи и раст. Овој документ, подготвен со помош од ЕУ, има за цел на граѓаните и засегнатите страни да им ги доближи придобивките од реформите, истовремено промовирајќи транспарентност, вклученост и градење доверба.

Планот ја истакнува блиската соработка и заедничките вредности помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија, нагласувајќи дека реформите ќе придонесат за отворање нови работни места, подобрување на квалитетот на живот и посилна интеграција во Европа.

Клучна цел на ПКВ е да обезбеди граѓаните да разберат како реформите се поврзани со процесот на пристапување во ЕУ. Исто така, Планот има улога во управувањето со очекувањата на јавноста и зголемување на информираноста. Со оглед на тоа што исплатите од ЕУ зависат од спроведувањето на конкретни реформи, важно е јавноста да биде информирана за условите што треба да се исполнат и за напредокот во нивното реализирање.

Дополнително, преку овој комуникациски план Владата, Министерството за европски прашања и другите релевантни актери се подготвуваат за управување со можни кризни ситуации, отпори и дезинформации. Планот поставува јасни насоки за брза и ефикасна реакција, нудејќи прецизни пораки и конкретни активности со цел да се зачува довербата и да се одржи динамиката на реформскиот процес.

Комуникацијата ќе се одвива во две фази. Прво, фокусот ќе биде на информирање на јавноста за целите и можностите од Инструментот за реформи и раст, преку промоција, работилници и директна комуникација. Потоа, ќе се прикажуваат резултатите од реформите преку успешни приказни, визуелни материјали и јавни настани. Овој пристап ќе помогне во јасно, навремено и ефективно пренесување на информации, зајакнувајќи ја довербата и вклученоста на јавноста во процесот.

ИДСЦС исто така има подготвено своја Комуникациска стратегија за проектот: „Зајакнување на учеството на граѓаните и бизнисите во Берлинскиот процес и Реформската агенда на Северна Македонија“.

Спроведувањето на комуникациската стратегија се фокусира на неколку цели:

1. Зголемување на свеста кај граѓаните, бизнисите и пратениците за економските придобивки од европската интеграција.

2. Поттикнување на јавниот притисок за исполнување на реформските обврски преку информирање и ангажирање на граѓаните.
3. Овозможување на бизнисите подобро да ги разберат можностите од Заедничкиот регионален пазар и пристапот до ЕУ пазари.
4. Зајакнување на капацитетите на парламентот во процесот на усогласување на законите со европските стандарди.

Очекувани резултати од Комуникациската стратегија на ИДСЦС се:

- Поголема информираност на граѓаните и бизнисите за бенефитите од Берлинскиот процес и Националната реформска агенда.
- Поголемо учество на бизнис секторот во користење на можностите за економска интеграција.
- Зголемен притисок од јавноста врз носителите на одлуки за спроведување на реформите.
- Поголема подготвеност на парламентот за усогласување на законодавството со стандардите на ЕУ.

# 9. ЗАКЛУЧОК

Реформската агенда 2024–2027 е амбициозен и системски документ, чија реализација ќе ја трансформира Република Северна Македонија во подготвена земја за членство во ЕУ. Со фокус на човечкиот капитал, дигитализацијата, деловното опкружување и енергетската транзиција, агендата е алатка за економски развој и подобар квалитет на живот на граѓаните. Нејзиното спроведување е условено од политичката волја, ефикасната администрација и активната вклученост на сите општествени чинители, вклучувајќи го и приватниот сектор и граѓанското општество.

Реформската агенда и Берлинскиот процес се меѓусебно поврзани, обезбедувајќи регионална координација и поддршка за економска интеграција и раст. Реформската агенда 2024–2027 е амбициозен проект финансиски поддржан со значителен пакет средства, а имплементацијата оди со видливи чекори. Берлинскиот процес ја комплементира оваа рамка преку регионална координација и граѓанско учество.Преку ЦСФ (Civil Society Forum) се создава платформа каде што граѓанските организации може директно да влијаат, да предлагаат и да ја следат имплементацијата на реформите со што се засилува легитимноста и транспарентноста на овие процеси. Сепак се уште се соочуваме со недостаток на силен механизам за следење на препораките од ЦСФ во официјалните владини агенди и процеси. Понатаму имаме ограничена јавна видливост на процесите при што потребно е пошироко и систематско вклучување на граѓаните и бизнисите во реалното спроведување на истите. Затоа е потребна и поширока промоција на вистински примери на придобивки за граѓани и компании од спроведените реформи.

# БИБЛИОГРАФИЈА


1. Министерство за европски прашања на Република Северна Македонија. (2025). *Реформска агенда на Северна Македонија 2024–2027 година*. Министерство за европски прашања. Достапно на: https://mep.gov.mk/mk-MK/eu-integracii/plan-za-rast-za-zapaden-balkan-i-reformska-agenda/reformska-agenda-na-severna-makedonija-2024-2027-godina
2. Reform Monitor. (2025). *Северна Македонија: Извештај за спроведување на реформската агенда*. Достапно на: https://reform-monitor.org/северна-македонија-извештај-за-спроведување-на-реформската-агенда/

3. Metamorphosis Foundation. (2025). REFORMSKA AGENDA: DIGITALNA MJD MJ. Достапно на: https://metamorphosis.org.mk/wp-content/uploads/2025/04/reformska-agenda-digitalna-mjd-mj-10.4.2025-1.pdf
4. Министерство за европски прашања на Република Северна Македонија. (2025). *План за комуникација и видливост на реформската агенда*. Достапно на: https://arhiva.mep.gov.mk/data/MK_RA_Communication%20and%20Visibilty%20Plan%20MK%20verzija.pdf
5. Институт за демократија „Социетас Цивилис" – Скопје. (2025). *Monitoring Report: Action Plans Common Regional Market (CRM) – Regional Digital Area and Green Agenda – Decarbonisation Reference in Reform Agenda*. https://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2025/04/makedonija-04_1.2025-angliski.pdf
6. Берлински процес – Форум за цивилно општество и тинк-тенкови 2024: Политички препораки, Southeast Europe Association & Aspen Institute Germany, октомври 2024. Достапно на: https://www.berlinprocess.de/uploads/documents/berlin-process-civil-society-think-tank-forum-2024-policy-recommendations_1729069924.pdf
7. Заеднички Акциски План за Регионалниот Пазар 2025–2028 (CRM 2.0), Регионален совет за соработка (RCC), октомври 2024. Достапно на: https://www.berlinprocess.de/uploads/documents/common-regional-market-action-plan-2025-2028_1728992448.pdf
8. Договор за пристап до високообразовните институции и прием на студии во Западен БалканОбјавен: октомври 2024.Достапно на: https://www.berlinprocess.de/uploads/documents/agreement-on-admission-to-higher-education-in-the-western-balkans_1728992201.pdf
9. Европската комисија ги одобри реформските агенди на Албанија, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија, отворајќи пат за исплата на средства преку Механизамот за реформи и раст **Европска комисија, Брисел, 23 октомври 2024. Достапно на:** https://enlargement.ec.europa.eu/news/commission-approves-reform-agendas-albania-kosovo-montenegro-north-macedonia-and-serbia-paving-way-2024-10-23_en